# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје е водечка институција во земјата за стоматолошка едукација, истражување и професионален развој.

Наша главна цел е да овозможиме сеопфатно образование за нашите студенти, од кои ќе произлезе идниот стоматолошкиот кадар. Преку студиските програми за идните доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози, овозможуваме тие да се оспособени со најновите знаења и вештини за обезбедување врвна грижа за пациентите. Бидејќи стоматологијата постојано се развива, ставаме силен акцент на континуираната едукација, нудејќи разновидни можности за усовршување на нашите студенти. Преку континуираната едукација, овозможуваме студентите постојано да бидат во тек со најновите достигнувања во стоматологијата. Дополнително, нашиот Факултет нуди современи услови и можности за спроведување на научно-истражувачка работа, овозможувајќи студентите и кадарот не само да бидат во тек со новитетите во стоматологијата, туку и активно да придонесат за напреднувањето на стоматологијата како област.

Нашиот факултет се вклучува во проекти, воспоставува соработки и организира настани, осигурувајќи нашата институција да остане во првите редови на стоматолошката едукација, наука и здравствена дејност. Располагаме со висококвалитетен наставно-научен, научен, соработнички и административен кадар, кој постојано се усовршува, го применува и го споделува своето знаење. Капацитетите на Факултетот се современи и достапни за сите, овозможувајќи Факултетот да одговори на меѓународните академски стандарди од областа на стоматологијата.

Сите вработени на Факултетот се придржува до Етичкиот кодекс на Универзитетот, кој ги поддржува принципите на интегритет, посветеност, професионалност и поттикнување позитивни меѓучовечки односи. Оваа посветеност обезбедува култура на доверба, почит и етичко однесување во нашата институција.

**ДЕКАН**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски**